ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 15 – 222/13**

**Дата:** 05.08.2013

**ДО**
**ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Куманово на сметката за основниот буџет (631) за 2012 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Куманово за 2007 година и изразено е негативно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и законското и наменското трошење на средствата.
Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки се констатира дека Основен суд Куманово делумно презел мерки за дадените препораки.
За финансиските извештаи на Основен суд Куманово за 2012 година изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на билансот на состојба и за билансот на приходи и расходи и мислење со резерва за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2012 година, заедно со ревизија на усогласеност, констатирано е дека Основен суд Куманово:
- не ги применува пропишаните обрасци дефинирани во Судскиот деловник, а кои овозможуваат евидентирање и следење на наплатата на паричните казни, паушали, трошоци на кривичната постапка, обезбедуваат податоци за рокот за нивна наплата и даваат информации за причините кои доведуваат до ненавремено плаќање и
- не е воведена сметководствена евиденција на побарувањата по основ на судски паушали, и кое има влијание врз реалното и објективно искажување на позициите на побарувањата и пасивните временски разграничувања во финансискиот извештај за 2012 година – биланс на состојба.

Законскиот застапник на основниот суд Куманово потребно е да продолжи со превземените мерки за воведување на потребната евиденција и редовно и ажурно водење на потребните обрасци.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 15-222/6 од 13.06.2013 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 7 до 8 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (631) на Основен суд Куманово, која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2012 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансискиот извештај.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2007 година на Основен суд Куманово и е изразено негативно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и законското и наменското трошење на средствата.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

- Сефер Мехмети, Претседател на Основен суд Куманово од 25.06.2009 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на Основен суд Куманово се

користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи е изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни

обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01/04/2011 до 18/04/2011 година од тим на Државниот завод за.

## 3. Осврт на ревизијата за 2007 година - спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2007 година. Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки се констатира дека Основен суд Куманово делумно презел мерки за дадените препораки (Преглед II).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Основен суд Куманово–предмет на ревизија, одржан на ден 16 мај 2013 година.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 15-222/6 од 13.06.2013 година.

### 4.1. Финансиски извештаи
### Биланс на состојба

4.1.1. Со увид во евиденцијата и наплатата на паричните казни, глоби, трошоците на кривичната и прекршочната постапка и судските паушали, ревизијата утврди дека во 2012 година во Основен суд Куманово не се преземени активности за:

- заведување на правосилните судски одлуки за изречените парични казни, глоби, трошоци на кривичната и прекршочната постапка и паушал во контролник за паричните казни, паушали, трошоци на кривичната постапка (Образец бр. 113[1]);
- водење евиденција на износите од наплатените паушали во дневник за приходи од наплатен паушал (Образец бр.149)[2];
- пополнување на Образецот "Известување за наплатен паушал." (Образец бр. 151) за секоја уплата на паушалот, заради известување на судската писарница од страна на сметководството на судот.

[1] Соглсно член 252 од Судскиот деловник („службен весник на Република Македонија„ број 66/2013), наведениот образец е дефиниран како образец СД. Бр. 100;
[2] Соглсно член 252 од Судскиот деловник („службен весник на Република Македонија„ број 66/2013), наведениот образец е дефиниран како образец СД. Бр. 76 Дневник за приходи за наплатен паушал;

Опишаната состојба не е во согласност со одредбите од членовите 245 и 246 од Судскиот деловник и оневозможува судот да располага со точни и прецизни податоци за должниците и износите на ненаплатените парични казни, глоби, судските паушали и трошоците на кривичната и прекршочната постапка. Поради овие причини во сметководствената евиденција на Судот не е воведена евиденција на побарувањата по основ на судски паушали, што не е во согласност со одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и кое влијае врз реалното и објективно искажување на позициите на побарувањата и пасивните временски разграничувања во финансискиот извештај за 2012 година – биланс на состојба[3].
На ден 27.05.2013 година по одржувањето на завршниот состанок вршителот на должност претседател на Основниот суд Куманово до ревизијата достави податоци за воспоставење на дел од потребната евиденција на погоренаведените обрасци во текот на 2013 година.

**Препорака**
Одговорните лица за спроведување на одредбите од Судскиот деловник да преземат мерки за продолжување со активностите за навремено и ажурно водење на пропишаната евиденција и обрасци и воведување во евиденција на обрасците чија примена не е воспоставена.

5. **Ревизорско мислење**

**Мислење – за финансиски извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.1.1. , финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Основен суд Куманово на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење – за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.1.1., активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Основен суд Куманово, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

[3] Со измените и дополнувањата на Судскиот деловник (Сл.весник бр.58/11) и Законот за даночна постапка (Сл.весник бр.145/10), надлежностите и обврските за наплата на паричните казни, глоби, трошоците на кривичната и прекршочната постапка се предадени од судовите на Управата за јавни приходи.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 2,795 | 1,420 |
| Трансфери и донации | 977 | 47 |
| **Вкупно приходи** | **3,772** | **1,467** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 2,229 | 490 |
| Субвенции и трансфери | 46 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **2,275** | **490** |
| **Вкупно расходи** | **2,275** | **490** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **1,497** | **977** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **1,497** | **977** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 1,497 | 977 |
| Побарувања | 5 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **1,502** | **977** |
| **Вкупна актива** | **1,502** | **977** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 1,502 | 977 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1,502** | **977** |
| **Вкупна пасива** | **1,502** | **977** |